# АДИНГКОЛОР РФ

*Боја за завршна обработка на бетонски и асфалтни подлоги, изработена на база на синтетички смоли и растворувач*
*Одговара на EN 1504-2:2004 / 5.1(C)*

## ОБЛАСТ НА ПРИМЕНА

Адингколор РФ е наменет за декоративна и заштитна подна и завршна обработка на бетонски, малтерисани и асфалтни површини. Се користи на позиции изложени на атмосферски влијанија, како и на механичка оптеретеност, како што се подни обработки во магацини, гаражи, индустриски објекти,објекти од прехрамбена индустрија, рекреативни спортски терени, медицински установи, завршни фасадни обработки кај малтерисани површини и сл. Адингколор РФ исто така се користи и како дел од системот за обработка на пешачки патеки во комбинација со епоксидните прајмери од производната програма на Адинг.

## СВОЈСТВА

- одлична атхезија за подлогата;
- ја затвора површинската структура на подлогата;
- отпорност на соли, нафта и нафтени деривати;
- отпорност на атмосферски влијанија;
- водоотпорен;
- висока отпорност на абење, при нормална индустриска експлотација;
- UV стабилен
- достапен во повеќе бои;
- едноставна и брза изведба;
- лесен за одржување.

## ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

| СВОЈСТВО | МЕТОД | ДЕКЛАРИРАНА ВРЕДНОСТ |
|---|---|---|
| Изглед | - | боен премаз |
| Густина | EN ISO 2811-1 | 1,55-1,65g/cm³ |
| Атхезија за подлогата | EN 1542 | ≥ 2,0MPa |
| Капиларна апсорпција и пропустливост на вода | EN 1062-3 | w<0,1kg/m$^2$h$^{1/2}$ |
| Абразивна отпорност | EN ISO 5470-1 | <3000mg |
| Отпорност на удар | EN ISO 6272-1 | класа I ≥ 4Nm |
| Временски период помеѓу слоевите, на 20°C | - | 3-4h |
| Време на сушење, на 20°C | - | 40-45min |
| Температура на подлогата и воздухот при вградување | - | 5-35˚C |
| Механичка употреба за лесен и тежок промет, на температура од 20˚C | - | по 3 дена |

## МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ИЗВЕДБА

**ПОГОТОВКА НА ПОДЛОГАТА**

Подлогата на која се нанесува Адингколор РФ треба да биде цврста, сува, чиста, без масла и прашина, без присуство на кондензат и со максимална влажност од 7%. Температурата на подлогата, воздухот и на Адингколор РФ спремен за апликација, треба да биде во граници помеѓу +5°C и +35°C. Доколку ова ограничување не се почитува, можна е појава на меури кај аплицираниот премаз.



ADING
АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk

Асфалтна подлога

Асфалтот на кој се нанесува премазот треба да биде здрав, сув, чист и обеспрашен. Обезпрашувањето на подлогата најправилно е да се изведе со воздух под притисок.

Нова бетонска подлога

Бетонот треба да биде стар најмалку 28 дена и да е со минимална јакост на притисок од 25 MPa. Цементното млеко, остатоците од малтер, боја и масло треба да се отстранат механички или со детергенти или специјални препарати за таа намена. По употреба на детергенти, потребно е подлогата темелно да се испере со вода. Завршно подлогата треба да се обеспраши со индустриска правосмукалка.

Стара бетонска подлога

Здрава и чиста подлога е главен предуслов за постигнување на одлична атхезија. Како и кај новата бетонска подлога, отстранувањето на цементното млеко се врши по механички пат. Пенетрирани маснотии и нечистотии во подлогата треба да се отстранат со детергенти или специјални препарати за таа намена. По употреба на детергенти, потребно е подлогата темелно да се испере со вода. Доколку постојат оштетувања на подлогата, тие треба да се санираат со соодветни материјали за санација. Завршно подлогата треба да се обеспраши со индустриска правосмукалка.

Подлога со постоечки премаз

Адингколор РФ може да се нанесува на подлоги со постоечки премаз, само доколку премазот, кој бил користен претходно е доволно цврст и стабилен на растворувачи. Кај овие подлоги, пред нанесувањето на новиот премаз, треба задолжително да се испита атхезијата помеѓу постоечкиот премаз и подлогата за да се утврди дали овие слоеви можат да бидат соодветна подлога за новиот премаз. Доколку атхезијата е слаба тогаш старите слоеви од боја треба задолжително да се отстранат по механички пат. Доколку атхезијата на постоечките слоеви од боја со подлогата е добра, препорачуваме таа површински да се обработи со шмиргла, да се обеспраши по сува постапка, а потоа да се изработат пробни полиња, каде на одредена површина ќе се нанесе новиот слој на боја. Нанесувањето на Адингколор РФ по целата површина, директно зависи од резултатите за атхезија, добиени од пробните полиња.

Напомена:

Постоечки премаз на водена основа и во случај кога е здрав и со добра атхезија за подлогата, мора потполно да се отстрани, пред да се нанесе Адингколор РФ.

Порозна подлога

Во случај кога подлогата е порозна, се препорачува на подлогата да се нанесе епоксиден прајмер Адингпокс 1П или Адингпокс 1ПВ. На овој начин се затвара и зајакнува порозната подлога, со што ќе се намали ризикот од невоедначен естетски ефект.

Непорозна подлога

Нанесувањето на Адингколор РФ врз непорозна структура или површини обработени до “црн сјај” не е дозволено. Потребно е подлогата претходно машински да се обработи (иструга) со цел да се отвори површинската структура на подлогата, а потоа да се нанесува Адингколор РФ.

**ВГРАДУВАЊЕ**

Вградувањето на Адингколор РФ се изведува со четка, валјак или машински, со распрскување со безвоздушна (airless) пумпа, во 2 до 3 слоја, со дебелина на еден нанос од 150-200μ. За нанесување на првиот слој, материјалот се разредува со најмногу 8% Растворувач П, по што смесата се меша со бавно мешање до потполна хомогенизација. При разредувањето на материјалот, треба да се внимава да количината, која ќе биде разредена одговара на потребната количина за нанесување на еден слој на површината за обработка. Вториот и третиот слој се нанесуваат со разредување до 5%. Временскиот период помеѓу слоевите, на температура од 20°C изнесува 3-4 часа. Обработените површини треба да се заштитат од силен провев, дожд, мраз и прашина во период од 24 часа.

Напомена:

Водата која содржи соли за одмрзнување, може да предизвика губење на сјајот или благо прошарување на бојата кај третираните површини со Адингколор РФ, но тоа не влијае штетно на заштитните карактеристики на премазот.

Машинско нанесување со безвоздушна пумпа:

- притисок (150-200)bar
- агол на прскање: под прав агол во однос на подлогата и на растојание од 20-40cm



ADING
АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk

## ПОТРОШУВАЧКА

за два слоја - 0,5-0,6kg/m²
за три слоја - 0,65-0,8kg/m²

## ЧИСТЕЊЕ

Алатот и опремата се чистат со Растворувач П веднаш по употребата.

## ПАКУВАЊЕ

Адингколор РФ - во лимени канти од 4kg и 25kg
Растворувач П – во лимена канта од 0,9kg и 4kg

## СКЛАДИРАЊЕ

Во оригинално пакување на температура од 5°C до 35°C. Рок на употреба 12 месеци.

## СТАНДАРДНИ БОИ

RAL1018; RAL1023; RAL3016; RAL3020; RAL5012; RAL6010; RAL7032; RAL7035; RAL7044; RAL7045; RAL9003; RAL9004.
Забелешка: Останатите бои од RAL картата можат да се изработат при минимална порачка од 90kg.

## ОЗНАКА ЗА СЕРТИФИЦИРАН ПРОИЗВОД

CE
2032

АДИНГ АД Скопје,
Новоселски пат (улица 1409) бр.11
1060 Скопје, Северна Македонија
17

GKDH0XX/8
EN 1504-2:2004
**АДИНГКОЛОР РФ**
Премаз за површинска заштита и зголемена физичка отпорност на бетонски површини

| | |
|---|---|
| Атхезивна јакост со pull-off тест | **≥ 2,0 N/mm²** |
| Капиларна апсорпција | **w < 0.1 kg/m² · $h^{0.5}$** |
| Отпорност на абразија | **< 3000 mg** |
| Отпорност на удар | **Класа I ≥ 4 Nm**<br>**Без појава на пукнатини и деламинација** |
| Реакција на пожар | **Еврокласа F** |
| Опасни супстанции | **Својството не е определено** |

Опасност по здравјето: Потребно е да се избегнува контакт на производот со кожата или очите, како и директно вдишување. При ненадеен контакт, производот треба веднаш да се отстрани со сува крпа или благо наквасена со Растворувач П, а потоа местото добро да се измие со чиста вода и сапун. Ако материјалот прсне во очи, потребно е веднаш да се исплакнат со чиста вода и да се побара медицинска помош. Потребно е да се обезбеди проветрување на просториите каде што се работи со смоли и растворувачи.
Пожар: Производот е запалив.
Чистење и депонирање: Неврзани остатоци од Адингколор РФ се чистат со Растворувач П. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип отпад.
Препорачуваме начинот на нанесување и потребните количини да се приспособат кон условите на објектот, како и задолжителна примена на соодветна опрема. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.





ADING
АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk
www.ading.com.mk